Компанијата Сардич МЦ, како општествено одговорна компанија е задоволна дека воведениот Ден на отворени врати доби широк одзив меѓу месното население. Искажуваме голема благодарност на сите заинтересирани граѓани од Валандово и с. Казандол, како и на граѓаните, коишто се занимаваат со органско производство во општина Валандово и коишто денес, на 3 мај 2017 година, ја посетија канцеларијата на компанијата во с. Пирава. Ние и во иднина ќе продолжиме да организираме вакви средби за објективно информирање и јавноста и развој на плодна соработка. Компанијата Сардич МЦ од првиот ден на работата се грижи за интересите на месните жители и со благодарност ги прифаќа и во своите проекти води сметка за добиените мислења на заинтересираните страни.








